# ПАВОЛ ЈАНИК
# ПОПРАВКАТА НА ТИТАНИК

ГРИГОР ПРЛИЧЕВ
СКОПЈЕ, 2005

Наслов на оригиналот

Pavol Janik
**Oprava Titanicu**
*(užší výber)*

Превод од словачки
СТОЈАН ЛЕКОСКИ

© by "Grigor Prličev"

Книгата е отпечатена со финансиска подржка на
Комисијата SLOLIA
Литературно информативен центар Братислава

CIP – Каталогизација во публикација Народна и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје

821-162-4-1
ЈАНИК, Павол
ПОПРАВКАТА НА ТИТАНИК/Павол Јаник. Превод од словачки Стојан Лекоски, Скопје, „Григор Прличев“, 2005, стр. 103, 20 см.

ISBN 9989-661-48-0

*СОМНИТЕЛНИ ВЕСТИ*
*(1981)*

## КОНЦЕРТ

Не плаши се од ненадејната пауза на оркестарот!
Тоа сè уште не значи дека диригентот
ја забележал мојата рака на твоето колено.
Дозволи ми да те бакнам.

Допирот те возбудува онолку,
колку што музиката го возбудува аплаузот.

# НА ЛИНИЈАТА МАЖ - ЖЕНА И ОБРАТНО

Изчезнуваш
како гас.
Сиот во ужас гледам,
како со едно олцнување со ногата
ја гориш копринената облека.

Со голотија што плени го гаснеш синиот пламен.

Гори, пламти, а можеби и ноинаку
му се обраќам на огнот,
кого хе можеш веќе да го замолчиш.

Посакав барем најважното да ум го кажам
на сите случајни минувачи,
на сите авиони што случајно прелетубаат сега.

Кој бо тие околности не би превртел сѐ наопаку!?

## НОЌНА ВРСКА

Се всхитувам на насмевките
на восочните фигури
и на нијаниците.

Нивната верба.
Нивната смиреност.
Нивната точност.
Нивната непогрешлива мудрост
утврдена од заводот за нормализација.

Се восхитувам
на нивните тапетирани души
полни со светлина и брокат.
На нивната одговорност и компетенции
што ја надминува
цената на таксито и на виното.

Ме ужасува нивната равнодушност,
со која го слушаат
тешкиот здив на последнните тролејбуси.

# СО ЖРЕБКА ПРОТИВ ВЕРОЈАТНОСТА

Се задржуваш на границата меѓу боите.

И меѓу двете можности
на ноќта и денот
ме узбираш мене.

Несомнено, сосем правилно.
Зашто тагата не ти прилега.

Денес тоа е чудна мода.

## ЛЕТО

Сонцето ни ги искрши стаклата на прозорците.
Од улицата упорно се слуша песна.

На небето од целофан
се собира пареата.

Се редат сомнителните вести
за ветрот.

Дрвјата први почнуваат да зборуваат
за нас двајцата.

# МИГ ПРЕД ДОПИРОТ

Воздухот престана да се движи.
Како на илустритран неделник
листам страници во твоите очи.

Да ја слушнеш тишината,
како чекори со новите чевли
и го заглушуба брмчењето на пчелите.
Со крилата упорно не поздравуба некој.

Сигурно си видела
како паѓаат од небото жар-птици!

Ништо, на дното од градите твои
нешто непрестано шумоли.

# МЕЃУ АСФАЛТОТ И НЕБЕТО

Внимание!
Дрвјата изморени од долгото трчање
и земјата поделена со бела испрекината линија
и натаму опстојуваат.
Незадржливо сме во хармонија
со инструментот.
О, скриена насмевка на назабени тркала.
Движења по десната страна.
Непогрешно пловиеме,
според точниот тахометар.

Попусто го барам бројчаникот
што ги брои вибрациите
на твоите колкови.

## ТЕБЕ

Произлегуваш од мирисот.
Овенат цвет.
Те вдишувам заплеткана како чад.

Го населуваш ѕвездeното небо
и бројчаниците на дигиталните часовници.

Ме омајуваш повешто
и побрзо од светлоста.

Од тебе и глава ме боли.
Те побркувам со музиката и до денес.

## VIVACE MA NON SOLTANTO COSI

Боса
скокаш од ѕвездичка на ѕвездичка.
И по секој скок одѕвонуваш
како бакнежот на кристалните чаши.

Илјадници твои лица
се лизгаат постојано
по замрзнатите езера.

Те отворам
со виолински клуч
и барам лак
што ќе ти одговара на еластичноста.

Длабоко во тебе
место струни
солзи најдов.

## ГРАБЕЖ

Го чувствувам движењето на твоите трепки,
како откриваат светлина некаде зад хоризонтот.
Како постојано се менуваш
и заедно со самракот влегуваш
во огненото поле.

Трепетот на градините што зреат!
Твојата воздишка што мириса на јаболка.

Ветрот во твоите коси
ме носи.

## ВМЕШУВАЊЕ

Кога воздухтот ќе застане
токму пред твоето лице
и го контролира обемот на белите дробови,
кога сонцето ќе ти се обрати
со договорениот таен знак,
дури тогаш сè ќе ти биде јасно.

Хоризонтот можеш да го прескокнеш
и да мислиш на нешто сосем друго.

Планинските масиви ги обвиткуваат
бетонските конструкции на врвовите.
Во крошните на дрвјата стенкаат телефонските централи.

Одѕвонубаш за октава новисоко.

Осамена светулка
лесно го шара небото со зелена светлина.

Таква те познавам отсекогаш
и здивот го програмирам
според тебе.

# ПИЈАНО

Кога и двајцата ќе имаме свој клуч
од истиот стан,
ќе пренесам парче од градината
на вториот кат.

Понекогаш и лично ќе дојдам.
Чист
и внимателно избричен
да ги слушам домашните концерти.

Навистина ќе дојдам,
несмасен како пијано,
и секогаш како него наштиман.

## ДОЗВОЛЕТЕ

Се плашам, дека пак ќе се стретнам
сам со себе.
Сосем случајно ќе се допрам.

Се разбира, нема да заборавам са се извинам.
(Интелигентен млад маж сум.
Имам свои принципи
и добро воспитание.
Зборувам француски и...)
Се разбира, нема да заборавам да се извинам.

Се плашам, дека пак ќе се стретнам.

Тоа ќе биде случајна средба,
што не се заборава,
но ниту за миг нема да ја запомнам.

# СОПРУЖНИШТВО

Бевме двајца
а зад нас останаа
безброј разденувања
и самраци.

Одтогаш скитам по душите на неникнатите предмети,
од кои постојано се препнувам.

Секојдневно те гледам како прецутуваш
во прегратките на тревите.

И ме обзема стравот
од ѕверовите што слободно се движат.

Секојден те ставам во своите очи,
како детски цртеж,
стишувајќи го дишењето.

# ИМЕ

Само за малку
ја надвишуваш успешно случајноста.

За една капка
го престигнуваш блесокот.

Со лелек
ги надминуваш боите.

Шириш цветен прав.

Лицата ги допираме до твоето
како во цветна градина,
уморни од толку совпаѓања на околности.

Ќе ти дадеме име,
кое можеш да сметаш за свое.

## *ОГЛЕДАЛО НА КРАЈОТ НА ЛЕТОТО (1984)*

## ЗБОР

На почетокот беше зборот.
А тој збор
беше на хартија.
Нечујно.
Збор, што можеш да го покриеш
со дланка,
или со други непроѕирни предмети.
Збор, што можеш да го собереш
ули да го смачкаш.
Збор, што чека,
некој да го забележи.
Збор, што страда
од чувството на помала вредност.
Збор, што не оди на продажба.
Со еден збор:
збор
на хартија,
и кога беше на почетокот,
значи, прв.
Всушност само нацртаната сенка
на зборот,
тоа единствено нешто,
кое го имаат телото и душата заедно.

## САМО ЗА ТЕБЕ

Само за тебе
по цели ноќи
во црно го застаклувам блескавото небо.

Само за тебе
во исто време
ги запалувам сомнабулните птици.

Само за тебе
тогаш
од високо ги спуштам ранетите души на астронаутите.

Само за тебе
со ноќниот ветер
ги запалувам космичките бродови од хартија.

Само за тебе
в темнина
стрпливо ги слушам сентименталните збороби
на овошките.

Само за тебе
и покрај сѐ сум
како секој друг.

## ПРЕДВРЕМЕНО

Божем на пладне
точно според возниот ред
го изгубив умот.

Толку отсечно и недвосмислено заминуваш.

На опустената земја беснее зимата,
како некаков мал земјотрес.

Тоа под земјата експлодираат мириси,
додека ја затегнуваш најтенката струна.

Кога ќе пукне,
во тој крај ќе дојде пролет.

# ОД ДОМОТ

Доаѓа пролетта.
Во празните базени
лее лесен дожд.

Некои луѓе остануваат заборавени
во зимските палта.

# РАЗДЕНУВАЊЕ

Изелегуваш од зад хоризонтот,
безобѕирна кон темнината
и рамнодушна кон сонот што гасне.

Проникнуваш во тишината
воздржано
како најдалечна грмотевица.
Веќе се слуша, како биеш
во неподвижните камбани.

Секогаш светиш поденакво добро.

Маглите, потонати во себе,
се нишаат,
не и веруваат на земјата
ниту на небото.

Создателот онемува,
немо ги движи усните,
исплашен од тоа што мислите му пловат обратно,
навнатре,
крвта да ја пројаснат,
за да болат,
за да бидат сосем неразбирливи,
веќе ниту писоци, ниту шум.

Така природата те повторува
постојано одново,
не директно и не сосем доволно,
воодушевена од тебе,
измамена од себе,
напомнува течење и вртење во круг.

Полека ги проветруваш своите портрети
- еден по друг.
Со рамномерни движења
времето го придвижуваш.

## НЕИЗГОВОРЕНА

Сѐ до овој час не си изговорена.
Очајно се измачувам да те изговорам
совршено јасно,
како што звучи светлината,
кога ги дроби прозрачните стакла.

Засега читам само ги по слогови
изменетите форми на водата
и растурените бои на воздухот.

Така остануваш неизговорена,
не поинаква од другите појави во природата,
споредена
со топлокрвните животни.

Се учам да те изговорам,
да те вадам од кристалите,
капките и ѕвездите.

Од тебе се гледа само мраз,
што трепери во звучните огледала,
и музика што спие во дрвјата.

Сѐ уште си незабележлива,
како историја што не се разликува
во настаните,
зашто имено тоа е тоа, што ги надживува.

# ОГЛЕДАЛО НА КРАЈОТ ЛЕТОТО

## I.

На дофат си
од телефонскиот број со тринаесет бројки
некаде на терасата
од белата куќа крај брегот,
речиси поцрнета од сонцето,
високо над површината
од лазурните води.

Те сонувам
веќе деветта вечер,
таинствена како огледало
на крајот на летото.

Секојдневно го вклучувам телевизорот
со надеж,
дека за миг ќе те видам.
Подробно ги следам
сите вести од светот
негубејќи надеж.

Ги обиколувам концертните сали и галериите,
но ти отсекаде ми се губиш.
И во библиотеките
те ставија
во архивските фондови.

Таква е судбината
са скапоценостите.

## II.

На дофат си
од телефонскиот број со тринаесет бројки
некаде на терасата
од белата куќа крај брегот,
речиси поцрнета од сонцето,
високо над површината
од лазурните води.

Те сонувам
со рамномерното дишење
на децата што чекаат
и едноличниот звук
на автоматската машина за перење,
која толку грижливо
го пени нашето мало домашно море.

Така и заспивам,
со верба за сончеви дни
и твоето брзо враќање.

Дојди!
Освен децата и јас
те чека
и куп успрани алишта.

## ВРТЕЊЕ ВО КРУГ

Рамномерно и брзо,
постојано околу
сам себе се сонува.
Стариот неподнослив вентилатор.

Главата му се врти
од здивот на пијаниците.
Си замислува, хеликоптер е.
Се врти.
Набљудава.
Гледа и слуша.
Знае повеќе од другите.

Со тресок
без церемонии им го зема зборот
на говорниците во кафеанските кулоари.

Одамна е стасан за во техничкиот музеј да биде,
но засега се смести само во литературата.

*ДОГЛЕДАЊЕ ВО МНОЖИНА*
*(1985)*

# EX OFFO

Секој ден го земам перото в рака
со страв, дека сето тоа е залудно.
Над хартијата се надвиснале облаци на администрациајата,
како тешки непроѕирни завеси.

Настапува совршена,
со неонски светилки осветлена
канцелариска темнина.
Во неа ништо од животот не се гледа,
освен евтин државен мебел,
различно расположени лица на колегите
и секогаш истиот покрив на соседниот дом.
И кон тоа, само да се разликува,
парче небо,
нечија сопствена саксија,
и телефон кој привидно не поврзува со светот.
Ама ние знаеме
дека не поврзува само со другите канцеларии.
Треба да устакнеме и тоа,
не поврзува само тогаш кога не е расипан.
А тоа одамна не се случило.

Ништо не гледаме
и за ништо не знаеме.
Не знаеме ништо за тоа,
дека на дневната светлина
на површината упорно избиваат нови извори,
од сите отвори на земјата,
клокоти таинствена вода.
Чиста и справедлива,
што го одмерува времето,
и другите мерки од нашиот живот,
упорно барајќи патеки за повторно враќање во земјата.

Од небото ненадејно слетуваат птици,
авиони, комети и други небесни предмети.
Во галериите паѓаат сликите од ѕидовите
и скусклуптурите од постаментите.
Нешто се случува.
Нешто започнува.

Со сино мастило
го означувам пулсот,
бројот на мртвите, обемот на направените штети,
меѓуградските разговори и паузите во работно време.

Знам, оваа несна ќе ми биде награда,
или ќе ја одработам во деновите од одморот
по претходна согласност од работодавецот.

## НЕОДЛОЖНА ПЕСНА

Постојано си во моите мисли,
како неодложна песна,
во која ги свртувам наопаку застерените погледи за животот
и да ги сменам прифатливите претстави за светот.

Непрестано доаѓаш,
да го наелекризираш
непоколебливото убедување,
дека човекот е - независно суштество.
Така го живееме непроменливо и нераскинливо заедно,
далеку еден од друг
својот двоен сон.
Постојано ми доаѓаш на ум,
кога од сонот ме будат налети
од теми, слики и поетски слики.
И затоа знам дека сите нешта са нераскинливо сврзани
онака, како што сме јас и ти.

Тоа е таа неодложна песна,
со чија поента ме принудуваш да молчам,
како тајна,
во која нема место за други,
и која може да се одржи без зборови
и други сведоци.

## ЛОША НАВИКА

Секојгневно
одам на работа
да ја земам жена ми Олга,
и за да има со што да купува.

Морам да се грижам.
Се ближи крајот на седмицата
а децата и во недела сакаат да јадат.

Сè уште сме немале среќа
да ги одучиме од таа лоша навика.

## ВО СИНО

Од рано утро го губам времено то во сино,
на кое му недостасува граница меѓу водата и небото.
Во синилото, во кое се вкрстуваат пловните патишта на скапите риби
со воздушните коридори на птиците.
Во синилото,
кое со силата на сопствената волја
постојано не враќа назад на песочната плажа
заедно со другите предмети,
заедно со мртвите тела на рибите, ракобите и медузите,
заедно со делови од водите растенија,
со ситните каменчиња,
капачињата од кока-кола,
заедно со стутканите хартичиња,
затворени во шишиња од вкусни напивки.

Постојано ги читам одново
и од сите страни
писмата без букви,
совршено избелени од животодарното сонце,
кое добро знае, кому да му дадеме можност, а кому не.

Ги читаме писмата без букви
и така смрзнати ги разбираме.
Ги читаме писмата без букви,
оплакани од распенетите бранови,
од кои произлегува животот,
звукот, боите и божиците.

Потомките на божиците денес ги населуваат
бескрајните ривиери низ целиот свет.
Го покажуваат своето голо тело
и божествените јахти, абтомобили, плажи и апартмани,
музика, филм
и во прв ред своите божествени мажи.

Крај една трафика за сладолед
по стоти пат безумно се вљубив во една од нив.

Не е многу важно,
но тоа беше таа,

со која ме врзуваат неколку доживувања, спомени
и неколку деца.
Се бљубив во неа сосем,
без остаток.

Од трафиката за сладолед,
ни се смееја голите дебојки од плакатите
и портрет на државникот
во бела адмиралска униформа
на син фон,
кој подеднакво може да биде и вода исто како и небо
и во кој може добро да се движат
атомски подморници и надзвучни авиони
неонските риби и птиците со боја на виножито.

# MOLTO ADAGIO

Старите луѓе се преселуваат.
Пополека и несмасно,
не по своја желба
и без помош од други.
Со тешкотија го пресуваат својот старомоден мебел,
предпотопните погледи
и неизбежните болки во крстот.

Со треперливи раце
попусто ги бараат прекинувачите
на непознатите ѕидови
од новото живеалиште.
Не можат да ја запалат светилката
во сивилото на осамата и непознатото.

Попусто ги изговараат сите зборови,
на кои со мака си припомнуваат.
Веќе ништо не им кажуваат
и сопствените зборови.
Не ги разбираат.
Заборавиле за што им служеле.
На ништо не ги потсетуваат.

Ним. Уважавани и почитувани лица,
што заслужуваат почит и благодарност.

Старите луѓе се преселуваат.
Тешко и несмасно,
произволно
и сосем сами.
Несмасно го премесуваат својот стар мебел,
наджививеани погледи
со здодевна болки во коските.

Упорно и непријатно
тоа се однесува и на нас
и нашите треперливи нозе.
Здодевна не притискаат на грлото.

Старите луѓе се преселуваат

во нас.
Лека-полека и невешто,
сакал-нејќел
и со сопствени сили.
Напорно го преселуваме својот стар мебел,
употребените погледи на живот
и болните коски.
И другите веќе
ислужени предмети.

Незабележливо и неизбежнно
стануваме почитувани и ценети личности,
што заслужуваат секаква благодарност и почит.

Упорно и мачно
продолжуваме во развојот на настаните,
упорно одиме по текот на настаните,
видливо като стрелките на часовникот.

Со наведнати глави
право надолу,
готови да покажеме точно време.

А над нас
неразбирливо се просева
синото небо,
на кое ветрот ги прередува блескавите огледала на умот.

# ПЕШАК СО АПСОЛУТНА ПРЕДНОСТ

Да се преживее
без автомобил.
Да се биде помал од тролејбус.
Да се биде уморен.
Да доцниш.
Немоќ да се стигне градот.
Да нестигнеш да се најдеш себе си.
Да се биде пешак.
Сосем и без остаток.

Да ги почитуиваш прописите
сосем незабележливо.

*УРА, ГОРИ!*
*(1991)*

## СО ВАС СУМ

Тоа сум јас сиот –
висок 180,
мера 108 – 83 – 107,
тежина 73,
пет војнички вештини
и уште повеќе цивилни,
коса темна, очи зелени,
роден за време
на унгарското востание,
срамежлив и покрстен,
женет и имам три деца.
Не пелтечам англиски,
ама сум светски.

Праќајте ми пофални писма,
поздрави и подароци,
книги и слики,
скулптури и сланина,
алкохол и цвеќе.
Потгпомогнете го својот поет,
кој за вас се однесува
како идиот.
Пишувајте ми
на мојата европска адреса -
Словачка.

Телефонирајте ми,
сите, кои ме сакате,
што не можете да жибеете без мене,
или не можете да умрете.
Телефонирајте ми на бројот 314 212,
мојот телефонски автомат
ќе се јавува 24 часа на ден.
Не се срамувајте на своите чувства.
Бог гледа на вас –
направете најпосле некаква глупост.
Префртеле нешто на моето конто
SSS 3478228.
Пренесете ги на мојата чиста сметка
своите валкани пари,

ќе ги перам по цели дни и ноќи.
Можете да бидете сигурни,
сам ќе ги употребам
за разлика од другите
добротворни прилози
и другите измани.

Ги чекам вашите писма,
душевните изливи
и одвратните пари.
Знам,
сега сите
добри луѓе ќе станат лоши,
а лошите нема да станат добри.
Можат да си ги скубат
влакната од нозете.

## НЕИСПРАТЕНА ТЕЛЕГРАМА

Во мене започнува
малку сино коледе.
Во хотелска соба снежи
мирислива магла од твојот
бескрајно далечен парфем.
Телото слабее
додека кај нас ни растат
цените на ноќните телефонски разговори,
брановите на личните земјотреси
и границата на океаните во крвта
по линијата на опустеното крајбрежје.

# ОДА НА РАДОСТА

Каде се старите несни?
И за што се пееше во нив?
На кого му беа хужни тие?

Некаде во нас
од нив остана
часовиот механизам во Нирнберг,
и порно-киното во Франкфурт,
кока-колата спроти Мулен руж,
Ленин во витрините во Марсеј,
избледаната разгледница
од Кот д'Азур,
украдените документи во Рим,
неразвиените филмови и фотографии
на кривата кула во Пиза,
ноќна мината во Фиренца,
и педерите од Болоња,
гулабите во шест наутро
на плоштадот Свети Марко,
напудрената царинарка
во возот од Виена
за Девинска Нова Вес.

Каде се старите песни?
Такви нема да напише никој.
Тие никому никогаш не му биле нужни.

Во Европа наеднаш ја исклучија струјата.
Настана мрак, каков што имаше
пред појавата на светлината.
По навика одиме
по таванот на нашиот дом.
Децата ни се смеат во сонот.

Пред влезот за никаде
ќе ни ги вратат билетите
за пат во животот,
што вредеше да се живее,
и кога не не чинеше скапо.

Само смртта не се исплатува.

# ПРОДОЛЖИВАЊЕ НА УМОТ

За миг се колебав,
од каде се влегува внатре.
А потоа многу огледала
како по смрт или додека таа трае.
И толку нереални дебојки
во плиткото стаклено дно.

Таму, каде последен пат влегов
уште као дете со сликите
на Пјер Брис и Лекс Баркер во џебот,
денес е прозорец на една малечка винарница.
А над нив постојано се појавуваат
застрашувачки знаци (приказанија)
на црвената пеларгонија (вид цвеќе).
Тие непопустливи семафори,
што не ми дозволуваат
да зборувам во насока на ветрот
и да се свртам, кога пред мене се појавува ѕид.

Пораснав
до висината на платата,
должината на долговите,
средната историска ширина
до големина
кога почнува времето на диетата.

Сега ми расте само косата
полека и сосем непотребно.
Така решив
да си го продолжувам умот
и да се ослободам од куповната моќ
на бессилниот Самсон.

## КРАЈ МАСАТА

Болница од полски цвеќиња
во вазна.
Толку многу белина
од која се смрзнува крвта во жилите.

Така венееме заедно
откинати
од животот.

## НОКТУРНО ЗА ДИЈАБЕТЕСОТ

На небото се појавуваат
дијакритичните знаци
на бесмртниот Диа.
Се вкрстуваат во нас
дијалозите на дијабетичарите.

О, божествена Дијана,
чувај ги нашите дијагнози.

Сочувај го во нас дијапозитивното
и направи не дијаметрални.
Дијаграмите на тагата
и дијадемите од дијамант
ќе ги поставиме на твоите дијагонали.
Ах, дијалектиката на дијалекарите.
Во бележникот го запишуваме
нашиот последен час
и терминот на нашата посмртна дијаспора.
За да не заборавиме да умреме,
и да се распснеме како што треба.

## ХРИЗАНТЕМАТИКА

Во машината за пишување
и нечатарските бооп
умираат песните,
во кои се брануваше
нескротливата и горда
сина крв
на благородното мастило.

# СОН ОД СТАКЛО

Во блесокот што исчезнува
од пражскиот хотел "Алкрон"
те набљудувам
како спиеш на дното од оглегалото.
Повевот од јасмин
ги пазнесува твоите појави,
ги изговара твоите неми мечти.

Сите радиостаници
го пренесуваат биењето на твоето срце.
Во слушалките
на сите телефони
се слуша твојот здив.
На сите телевизиски канали
директно го пренесуваат
од огледалото во хотелот "Алкрон"
твоето заспано лице.

Јас сум телекамерата
на твојот стаклен сон.
Ги сонувам твоите кристални сништа.

Палаво во мене ромориш.
Твојата голотија се крие
во маглата од хотелските завеси,
која попусто се обидувам да ја разнесам
со последната вождушка пред заспивање.

Доцна е.

Летечките љубовници
нежно ги гаснат
светилките на велеградот.
Играчкиот пар
во виолетовиот неон
сонливо се нишка
на темно-синото небо.

Дипломатите,
сошиени од сатен

спласнуваат како меури од сапуница
ги напуштат оперските претстави,
концертните сали и приемите
и во лимузините
конструирани од воздух,
мрак и тренепење на ѕвездите
одлетуваат како комети
во државните постели
во полутемните амбасади.

Завршуваат веселбите во градините.
Расцутените дрвја
пијат од фонтаните.

По плоштадите
без стеснување и без помрнување
се милуваат статуите
на сите времиња,
уметнички правци
и големини.

Неуморните такси и санитки
и патролните автомобили
тивко се спуштаат на дното од реката,
тогаш кога усплашените риби
ги вклучуваат сирените за тревога
и ги палат ротационите светла
на стравот.

По празните улициреват
задоцнетите бродови за прошетка
исполнети со треперлива светлина
и се редат
во последните слободни излози.

Доцна е.

Од највисоките катови на небото
без брзање и пополека
паѓаат треперејќи лампионите.
На крилата на светулките
свети фосфорот.

Се слуша
како илјада осамени кули
го дишат
полноќниот месинген боздух.

А јас пак многу сакам
во сонот да ти дојдам.

# ЧЕТИРИТЕ ПОСЛЕДНИ ТАКТОВИ НА ТИШИНАТА

Се смрачува во свечените сали,
во кармино-црвените очи на танчарките,
во централната препаст
на нивните монументални гради
и во снегопадот од ноеви пердуви.
Се смрачува во купот дрва,
во цвеќарниците
и ботаничките градини.

Се гаснат и последните прозорци
на Министерствата изградени
од средствата за декорација, телефонски жили
и платени сметки.
Есенски писма
со тајни и точни дела
ветрот директно ги врачува
во рацете на некомпетентните
ноќни минувачи.
Во парковите патролираат
разнежените љубовници,
до заби вооружени
со брзострелна сентименталност
калибар черириесет и пет.

Потоа постојано неумоливо свети.
Над страниците на весниците
сретнувајќи се со студениот воздух
шиштат вжештените парчиња од сонот.

Статистите воодушевени ја вежбаат
својата главна улога
а бесмоќниот режисер
со скриено лице меѓу рацете
и видлива заштита на главата
до бессвест ги повторува
послоедните четири тактови на тишината.

## ПРИНУДНО СЛЕТУВАЊЕ ВО ТВОИТЕ КОСИ

Авионите си мислат,
дека се подобри од бродовите,
но високомерието секогаш предвидува пад.

Тагата од победата
е неподнослива.

Во темнината на твоите коси
блеснуваат светлечки парченца
од воздушните летала
а во дното на очите
се спуштаат нејасни загатки.

Без зборови
- како насмевка на твоите усни
ја чекам мојата можност.

## ОГЛЕДАЛА ПО САМРАКОТ

Некаде ночна да свети,
како во мене да засветија
магливите спомени
на создавањето на вселената.
Мирисаше на цвеќе
чии листови
како снежинки паѓаа на нашите тела.
за завист и злост на сите видови
на комуналните служби.
Твоите очи и покрај сите наредби
самоволно блескаа во темнината
како да ја отсликуваа матната светлина
од незабележливите експлозии на небото.
Заносно ме ослободуваше од чувствата
и јасното сознание
во противречност со законот
за борба против алкохолизмот
и наркоманијата.

Од тебе
постојано незаконски сум пијан.
И до денес ми го запираш здивот со својот копнеж
во најнесоодветните моменти.
Избувнуваш во мене,
како експлозив за извоз,
што ослободува енергија
од овошните јадра.
Пулсираш во моите жили,
здодевна како блесок.

Од постојаното нарушување
на правилата за движење на патот
нас вечно ќе не открива
незгасливиот пожар на мојата крв
во обратните огледала
на твоите очи.

## ЗА ШТО НИ СЕ СОПРУГИТЕ

Да го одржуваат огнот
во нашите највнатрешни фрижидери,
да ги гаснат нашите вжештени глави,
да се згрееме
на нивните пламени погледи,
држејќи ги нашите шеми
на Голем во нас му даваат смисол,
да има кој да го приземји
блесокот на нашата гордост
и масовното уништување.

Затоа ни се
- поблиски и од кошулата,
со децама заврзани со нас
во едно, единствено едно,
од кое неспорно
и неодоливо зависиме.

# АНГЕЛИ ЗА ВЛЕЧЕЊЕ

И на крајот
ќе биде зборот
и кај кого ќе биде,
кај него ќе биде последниот.

Дотогаш бетрот
ќе разнесува заразни вести
за апсолутните души,
ослободени од содржината
на алкохолот, воздухот, земјата
и другите нечистотии.

Жените - тие ангели за влечење,
составени од оган и вода,
и натаму трпеливо ќе го носат
притисокот на воздухот,
редуциран да одговара на мажите.

И најкрајот
ќе биде почетокот.

## УРА, ГОРИ!
или
## ЧЕТИРИ МИЛИОНИ ЗА УБИСТВО НА ПОЕТОТ
– извадок –

**2.**

Сезонските поети,
критичари на настаните
и кафеански надничари
во утринското кафе ги раствораат
нотесите и кошулите во коцки (карираните нотеси и кошули)
со надеж
на порационалното средство за сладење.

Заедно со работното време
и другите активнпости на државните банки
со надеж течеме во викаде,
ни пречи понекогаш само отстрелот
на словачките поети
за прекуморските зоолошки градини.

**3.**

Превоспитувачките концерти
беа малку влијателни
за поттикнување на растењето
на цените, долгите и децата.

Не се согласуваме со кока-
колаборацијата со пепси-колажите.

Спуштете ги рокенролетните.
Во нас нека темнее музиката,
таа што ја ослабува светлината,
која единствена знае,
за што служи човечкото тело.

**4.**

По падот на ангелот
од дванаесеттиот кат

слободното наѓање
стана олимписка дисциплина.
Развојот на ракетопланите преминува
на принципот на ангел
како хеликоптер.
Ангелските хеликоптери
на воздушен погон
стартуваат од земјата на глуварчињата.

Вдлабоченост дури до поткопување
го достигнува врвот.
Да се тргнам оттука,
на ова место
некогаш ќе се смени светот.

По малку ќе ни ја доделат
Нобеловата награда за војна
а нашите поетски црева
ќе ги употребат за правење колбаси.

**5.**

Зборовите ни откажуваат послушност.

Песната пука
и од неа излегува
сценарио за видеоклип...

Поезијата ги избегнува зборовите.
Се брани од нив.
Востание против смртта
се крева попладнето
на брегот,
ако биде времето лошо
ќе се одржи во клубот на пензионерите.

Фатете го Бодлер
жив или мртов.

**9.**

Жена и маж на квадрат прават тројца.

Најчесто домашно суштество
е кавгата.
Текстилот за песните нефтинува.

Да го рационализираме летот
на концертните крилја.

Гласаме за Смешка
и седумте џуџиња.

Уште недопаднале лисјата
од дрвјата од улицата
веќе не завеал снегот.
Ступкам како црнец во зима,
веднаш пуштам хеви-метал,
монументален ментол,
амин ементал.

**15.**

Изопачен хумор
влегува во лаворовите лисја
на главата на поетот,
кој внимателно бдее
над лаврите.
Стрелките на часовниците
и осилото на инсектите
во нас предизвикуваат снег.

Тоа е таа траума на цивилизацијата.
Тоа се тие куќи на прозорците
дрвјата на гранките
и прициите на пердувите
сѐ за ништо
и ништо за сѐ.

**17.**

Торпедата ќе експлодираат
во замрзнатата крв.
Под нејзината површина ја откриваме
клетвата против љубовта.

Во пролетна атмосфера
поставуjеме стапица за себе си.

Не обзема љубов
од приот допир
на брзата стрела
земjа-воздух-вода-оган.
Изморени од шпионажа
во распуштените коси
се криеме нечуjно
како сенката на гумената подметка.

А ти налик на музика
ромориш во мракот.

Таинствена како свечена вратовска
на вратот на обесениот
покажуваш онаму, каде попусто
го насочувам своjот поглед.

Неразбирлива
како тринаесетта соба
во двособниоут државен стан
еден ден
сѐ ќе ми обjасниш и покажеш.

А пламенчето во самракот
нараснува (расте).
Ура, гори!
Човек на границата
на своите можности.
Ура.
Гори.

*НЕКОЈ КАКО БОГ*
*(1998)*

# ПОМУДРИ ЗА ТВОЈАТА СМРТ

*На Мирослав Валек*

Корените врастуваат во земјата како ковчези,
оперските пеачи
почнуваат гласно да пеат на сцената,
вознемирените бранови ја лижат калта на брегот.

Сето тоа е во моментот
кога заборавија на откривањето на Америка.

На дното од сопствената душа
секој го поправува својот "Титаник".

Ноќното небо се истура на земјата
како најбел снег.

Мртвите остануваат со нас,
неми како прекор.

## ГОЛЕМОТО ЧИСТЕЊЕ

Крпите за лице се тие
што ќе не надживеат.

Кошулите ќе потсетуваат на нас.

Костумите и зимските палта
ќе останат по нас.

Толку многу нешта
што ќе ги прекрие
прашина,
во која ќе се престориме.

## СЕМЕЈНО ЗАТИШЈЕ

Попусто и зборувам
на жена ми,
да не му подвикува
на гениот.
Тоа го забележав
и написмено
за идните генерации,
како поука за смртта и за животот.

## РЕЧНИК НА СТРАНСКИ ЗБОРОВИ

На почетокот сè беше фантазија.
Рече:
"Мини со мене барем еден сон.
Ќе видиш - ќе биде тоа сон,
за кој уште не си сонувал!"

Спушти се со мене надлабоко,
сонувај одназад,
сонувај повторно
во лавиринтот на огледалото
што не води никаде.

Ако дојдеш на почетокот од ништо,
ќе ти се сони возбудлив сон.

Стави го во рамка
и обеси го во спалната.

Да ти биде постојано пред очи,
зашто и сонот, што ќе го снема од очите,
еднаш ќе го снема и од мислата
во смисла
на прастарите закони
на човековата заборавност.

Сонувај си го своето.

Сонувај го сонот,
што се отсликува на површината
од замрзнатото езеро.
Сон длабок и смрзнат:

Јадосани клучеви,
тажна шума,
наведнато стакло.
Поздрав на огледалото.

Месечева светлина
во водниот сон.

Отскочи од дното
на сонот на огледалото.

Во галеријата на соништа
потоа ќе видиш
во директниот пренос од детството
остатоци од одамна заборевените настани.

Зашто нашите застарени соништа
остануваат со нас.

Не брзај, сонувај полека, подробно,
додека не ја видиш кристалната конструкција
на сопствената душа,
во која ќе се гледат јасно соништа
- свесни и разбирливи како пламен.

Можеби забележа,
дека нови соништа има сè помалку.
Ги снемува.
Набрзо ќе се сретнеме
во магичната темнина
на последниот сон
со очајнички крик
во ѕвездената ноќ.
Плати мито за сон
ослободен од секаков смисол.

Ја повторуваш гласно
довербата на тајните сништа,
со матниот блесок
на своите упорни ноќни очи
ја објаснуваш таиствената реч на темнината.

Сонуваш, значи, постоиш.

# НЕКОЈ КАКО БОГ

Јас,
ти,
тој,
и уште некој...

- четврти како пример,
петтиот како годишно време,
шестиот како смисол,
седмиот како континент,

осмиот како ден,
деветтиот како врв на осмоаголникот,
десеттиот како Деветтата симфонија на Бетовен,
единаесеттиот како заповед,
дванаесеттиот како фудбалски играч,
тринаесеттиот како апостол,
четиринаесеттиот како црн петок,
петнаесеттиот како Луј XIV,
шестаесеттиот како петнаесетката,
седумнаесеттиот како шеснаесетката,
осумнаесеттиот како седумнаесеттиот век,

дваесет и вториот како окото,
триесет и првиот како додаток на триесеттиот,

триесет и третиот како заб,
триесет и четвртиот како годините на Исус Христос,

- бесконечни како бог
и токму така бесполови,

немоќни како оној,
кој само сака,

без болест, а тоа значи и безчувствен,

без конкуренција како бог
во светот, кој нема друг бог,
безбожен како бог,
кој нема бог крај себе

ниту над себе,

без дно како небо,
невидлив како ветер,
без граници како мислата,
безпредметен како дух,

безимен носител на неизговорено име,

безнадежно безгрешен,

без цел како вечен тркач,

без деца како таткото
на распнатиот син,

без основа како смрт
и токму затоа неодложна,

наднароден како бог
на сите луѓе
и ним сличните суштества,
безочни и безлични,
без раце, без нозе и безкрилја,
ќелави и беззаби,

безбедни како пристаниште
на безсмртните патници,

безплатен како ветување,

безпримерен во совршенството,
бездомник во сопствениот дом,
непосреден како допир,
безпомошен како акт,
безсон како ноќ,
безгрижен како птица,

безутешен како правда,
немоќен како најстариот жител на светот,

безусловно како љубов,

безуспешен како справедливост,

суштество без боја,
вкус
и мирис.

Чекори по светот како без душа,
создател без родители,
суштество без стан,
скитник без адреса,

од памтивек без работа,
отсекогаш без леб,
од векот чекори без трага,

постојано мисли без размислување
секогаш на едно и исто,

се плоди без колебање,
раѓа без причина,
без оглед на што било и на кој било,

убива без исклучок
- сите и секого
од почеток и за навек,

се откажува од нас без разлика
на раса, вера и убедување,

секогаш победува без борба,
суди без да има милост.
казнува без запирање
а потоа плаче без жал
за истуреното мајчинско млеко
од девицата,
која му подарила син,
за да може да го даде
злонамерно и вистински да биде распнат
од рацете на својот избран народ,

и така постојано владее со светот без надзор,
деспот што не може да биде критикуван,

постојано работи без одмор
и сè знае, иако е без свест,

се моли сам во себе без зборови,
се причестува себе си без прекор,

дозволува да са му се обраќаат без страв,
блажебо молчи без да се сомнева за себе,

и така постојано одлучува без сведоци,
едно-преку друго,
без решение,

цел без себе,
без глава,
без петици,
без срце,
без капка крв,

без сè.

Да го спасиме,
додека има време.

Можеби и нас
не чека неговата судбина –
безмилосна
кон сите творци,
кои ги надживеало нивното сопствено дело.

*НЕКА БИДЕ МИРИСОТ ТВОЈ*
*(2002)*

# ЊУЈОРК

На хоризоталното огледало
на растегнатиот залив
стрчат вртвовите на аглестиот град
забодени право во звезденото небо.

Во растрепереното море од светилки
чудесно однесуваат секвава мака
флистрови, блескави бродчиња
на двоите возбудливи нозе
што пловат во подпалубјето
на вечерниот фустал од брокат.

Одеднаш изчезнуваме без глас
како игли во лабиринтот од станиол.

Некои предмети ги сваќаме многу болно –
многу долгите лимузини,
побелените верверички во Централ паркот
и металното тело на мртвата Слобода.

Во Њујорк многу порано се стемнува.

Се запалува треперливата темнина.

Иљадниците светилки од лустерот на мегаполисот
секоја вечер на блескавата површина на водата пишуваат
закон на Ајнштајн за брзината светивата.

Но уште пред тоа самракот ќе го поплави
серебреното платно на њујоршкото небо
со хектолитри од холивудска крв.

Каде оди империјата од мермер и стакло?
Каде се насочени ракетите од стројните облакодери?

Бог си купува хот-дог
на дното шеесеткатната улица.

Бог е црнец
и ја сака сивата боја бетонот.

Се роди син од самиот себе
во хартиена кеса
од роб, примерок од најново време.

# НЕКА БИДЕ МИРИСОТ ТВОЈ

Плачливите серпентини
на гласот од џанијата
не повикуваат
на последниот карневал
од светската револуција.

Кризата на Карибите
исполнета со самба,
убиена од Рамбо
продолжува во нас
за време на лудите ноќи,
кога експлодираат во нас
полни со огнена фантазија.

Тоа се тие
расипани орудија,
тоа е та молитва за девојчето,
чии нозе го хипнотизирале
и Леонел Ругама.

Шепотејќи се молиме:
О, Че, имаш
знак на небесата,
кажи го немо
своето име,
дојди од кралството на коралите.

Да биде мирисот твој
како на небото, така и на земјата,
распростирај се
над површината на океаните.

Леб од твоето непостоечко тело
дај ни денес.
Нека се лее шпититус –
нашиот грев секојдневен.

Остави ни ги нам нашите крчми,
како што ние ги напуштаме крчмите
на нашите виновници.

Одведи не до најслатките искушенија,
забавувај не,
ослободи не од забраните,
со оружје да стреламе забрани.

Подобро избавине од навалицата.
Израдувај не нас што те носиме на градите.
Победи го бојот свој.
Само рој
од одамна заборавените мртви
зуи на ветрот.

Најважно
главно нека молчат.

Дупката на главата
тивко го раскажува
својот застрелан случај.

Во името на отецот и синот
и светиот дух.

Ентер.

# ТАЖНА НОВА ГОДИНА НА КРАЈОТ НА ВЕКОТ

Пријателите и непријателите
од детството
исчезнуваат од нашиот живот

Некој игра со нашите судбини
шах на судбината?

На бело-белата шаховска табла
црно-црните фигури
наеднаш се вцрвуваат
со крвта
од најновите вести

Паѓаме под масата
наполно трезни
и совршено мртви

# ОДВЛЕКУВАЊЕ ВО ВЕЧНОСТА

Ангели во цивилна облека
не набљудуваат во аквариумот.

Но ние молчиме
и со отворени усти
со главата удираме во стаклото.

Го осветлуваат со автоген
секое од нашето последно движење.

Хистолошките препарати на тишината
ги ставаат под микроскоп,
за да го зголемат нашето страдање.

Животот одеднаш сите не исклучува
како телевизор,
здодевни сме му,
престанавме да го интересираме.

Во дланката изговарам
тешкоизговорливо име,
а од ракавот ми излегуваат
само џокери.

Снежинките снежат.
Книгите воскреснуваат од мртвите.

Да стареш или да се убиеш?
- тоа е прашањето.

А одговорите кружат околу нас
при брзото возење
во острите свиоци,
од кои нема пат за назад.

## ЗАЕДНИЧКА ЖЕЛБА

Повикај ја желбата
Определија заедничка желба
Влези во мене во желбата
Страсна ноќна желба
За бесцената заемна желба

Ние сме замо заеднички мечтатели
А изутрина ќе бидеме за една желба постари

## КОСОВО

Пламнатиот
од хартија
Гете
се моли
по српски
за четириститините мртви деца

Во камените очи на Шилер
блеснува солза од жива (метал)

Тоа е циганскиот плач
за малата ромска вила
на дното Јадранското море

Крвта
има неодолива боја
на синото небесно разденување
од кое паѓа
лесна и трепетлива
како спреј од мајски дожд
за да ја прихрани ранетата земја

# С О Д Р Ж И Н А

## СОМНИТЕЛНИ ВЕСТИ (1981)

Концерт .................... 5
На линијата маж - жена и обратно .................... 6
Ноќна врска .................... 7
Со жребка против веројатноста .................... 8
Лето .................... 9
Миг пред допирот .................... 10
Меѓу асфалтот и небето .................... 11
Тебе .................... 12
Vivace ma non soltanto cosi .................... 13
Грабеж .................... 14
Вмешување .................... 15
Пијано .................... 16
Дозволете .................... 17
Сопружништво .................... 18
Име .................... 19

## ОГЛЕДАЛО НА КРАЈОТ НА ЛЕТОТО (1984)

Збор .................... 21
Само за тебе .................... 22
Предвремено .................... 23
Од домот .................... 24
Разденување .................... 25
Неизговорена .................... 26
Огледало на крајот летото .................... 27
Вртење во круг .................... 29

## ДОГЛЕДАЊЕ ВО МНОЖИНА (1985)

Ex offo .................... 31
Неодложна песна .................... 33
Лоша навика .................... 34
Во сино .................... 35
Molto adagio .................... 37
Пешак со апсолутна предност .................... 39

## УРА, ГОРИ! (1991)

Со вас сум .................... 41
Неиспратена телеграма .................... 43
Ода на радоста .................... 44

Продолживање на умот ........................................................................ 46
Крај масата ........................................................................ 47
Ноктурно за дијабетесот ........................................................................ 48
Хризантематика ........................................................................ 49
Сон од стакло ........................................................................ 50
Четирите последни тактови на тишината ........................................................ 53
Принудно слетување во твоите коси ........................................................ 54
Огледала по самракот ........................................................................ 55
За што ни се сопругите ........................................................................ 56
Ангели за влечење ........................................................................ 57
Ура, гори! ........................................................................ 58

## НЕКОЈ КАКО БОГ (1998)

Помудри за твојата смрт ........................................................................ 63
Големото чистење ........................................................................ 64
Семејно затишје ........................................................................ 65
Речник на странски зборови ........................................................................ 66
Некој како бог ........................................................................ 68

## НЕКА БИДЕ МИРИСОТ ТВОЈ (2002)

Њујорк ........................................................................ 73
Нека биде мирисот твој ........................................................................ 75
Тажна нова година на крајот на векот ........................................................ 77
Одвлекување во вечноста ........................................................................ 78
Заедничка желба ........................................................................ 79
Косово ........................................................................ 80

ИЗДАВА
ИП „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ - СКОПЈЕ

Директор
СТОЈАН ЛЕКОСКИ

ПАВОЛ ЈАНИК
**ПОПРАВКАТА НА ТИТАНИК**

ISBN 9989-661-48-0

Подготовка и печат
„Дигипринт“ - Скопје
тел. 02/3224514; 3224-534

**ПАВОЛ ЈАНИК** (1956 Братислава - ) завршил студии по филмска и телевизиска драматургија. Работел во Министерството за култура, потоа од 1998 година бил секретар на Друштвото на писателите на Словачка, а од 2003 година е негов председател. За своето литературно дело носител е на повеќе награди во земјата и странство.

Ги издал следните збрики поезија: „Смнителни вести" (1981), „Огледало на крајот летото" (1984), „Догледање во множина" (1985), „Ура, гори!" (1991), „Некој како бог" (1998), „Нека биде мирисот твој" (2002), „Вибрации од твоите колкови" (2002).

ГРИГОР ПРЛИЧЕВ
СКОПЈЕ, 2005

**ISBN 9989-661-48-0**